СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Седумдесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 април 1994 година

Скопје, април 1994 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 71-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 12.04.1994 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН - 7, 9, 11, 71
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 11, 67
3. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 66
4. БОШКОВ ЈОРДАН - 30, 62, 63
5. ГОШЕВ ТУШЕ-19,20,21,22,23,25,33,37,38,41,45,47,49,55,56,60,71
6. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 8
7. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 51, 56, 64
8. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 6
9. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 21, 22
10. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 44
11. ПЕТРОВ ТОДОР – 36, 38, 42, 45, 46, 50, 57
12. ПОПОВСКИ КИРО - 47, 49, 50
13. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 10, 12, 25, 28, 31
14. СПИРОВСКИ АЦО - 15
15. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 28, 32, 34, 59, 61, 69
16. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 72

Предлог на закон за избор на претседател на РМ стр.10 и стр.11


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12.о4.1994 год.

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Симон Наумовски, Благоја Чкатроски, Димитар Димитровски, Иван Иванов, Ламбе Арнаудов и Мухамед Халили ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Бидејќи при поименичното изјаснуваше по Предлогот на пратеникот Владимир Митевски во врска со точката за стечајните работници да биде меѓу првите десет точки од дневниот ред, за оваа седница, немаше доволен број пратеници, ќе го повториме поименичното изјаснување.

Го молам секретарот на Собранието да изврши прозивка.

(Секретарот на Собранието излегува на говорница и ги прозива пратениците).

I/2.- ЛП/ОМ

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | воздржан |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | воздржан |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | воздржан |

I/3.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | воздржан |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 50. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 51. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 52. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 53. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 54. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 55. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 57. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | воздржан |
| 58. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 59. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | воздржан |
| 63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| 64. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 65. НАИФ МУСТАФА | за |
| 66. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 67. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 68. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 70. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 71. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | не е тука |
| 72. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 73. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 74. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 75. ТОДОР ПЕТРОВ | не е тука |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 71 - МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 7'8 ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 79. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. НИКОЛА ПОПОВСКИ | воздржан |
| 82. ИВАН ПРЕВАЛА | за |
| 83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | за |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 85. ИВАН РАМБАБОВ | воздржан |
| 86. ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 817. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 88. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | воздржан |
| 90. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 91. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАНКОВСКИ | воздржан |
| 93. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 94. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | воздржана |
| 95. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 36. БИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 97. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 98. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |

нд

101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ за
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ за
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ не е тука
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ против
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ за
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ не е тука
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ за
108. АГИМ ФАЗЛИУ воздржан
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ за
110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ не е тука
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ воздржан
112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ не е тука
113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ воздржан
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ воздржан
115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ воздржан
116. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ против
117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ воздржан
118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ не е тука
119. ХИСНИ ШАЌИРИ за

Дали има некој што дополнително пристигна?

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ за

БЛАГОЈ ТОШЕВ за

Дали има други ? (нема).

(Секретарот ги пребројува гласовите).

**СТОЈАН АНДОВ:**

(По пребројувањето на гласовите)

Гласале 82 пратеника, 41 пратеник гласал за, против биле 5 и 36 се воздржале од гласање.

Според тоа, овој предлог не е усвоен.

Републичката самоуправна интересна заедница за патишта писмено ме извести...

Господинот Трајан Мицевски бара збор.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, по пребројувањето на тајното гласање, како што е водена евиденција "за" гласале 42 пратеници, а не 41 и според тоа е многу сомнителна работа.

Второ, во сите градови каде што се блокирани собрани- јата, 17 општини, сите имаат заклучоци донесено на сите собранија и сите пратеници и од Битола и од Прилеп и од сите имаат учествувано и донесен е заклучок дека оваа точка, без разлика на исходот од гласањето, треба да биде меѓу првите точки или прва точка на дневниот ред, со оглед на актуелното прашање и секое друго е неисправно одлучување.

Затоа, барам да се повтори гласањето и пратениците да се разбудат, треба сите еднакво да ја сносиме загубата. Ако тоне бродот, тоне со се капетанот, а не капетанот да избега, морнарите да пропаднат. Сите ќе тонеме или сите ќе го решаваме проблемот. Според тоа, Ве молам овој предлог да помине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, Ве молам за тишина, седете си Вие таму на своето место.

Прво, допуштете Собранието да биде Собрание и овде да работиме ние за тоа што сме се собрале. Оваа точка е внесена во дневниот ред се работи сега која точка на кое место да биде во дневниот ред. Ве молам, тишина сега и слушајте. Не може така, тоа така не се работи. Ве молам, не може да се врши притисок на пратениците овде да го менуваат своето мислење. секој беше прозван и гласањето е завршено. Ве, молам, ако така правиме, ние никогаш одлука не можеме да донесеме по ниедно прашаше. Вие го менувате карактерот на Собранието. Тоа не може Собранието со Устав си има свои задачи. Начинот на одлучувањето во Уставот е утврден. Ве молам, тоа се веќе напади на Уставот, да се разбереме. Размислете малку што работите. Начинот на утврдување на решението, одлуките на Собранието е утврден во Уставот и да престанете веќе натаму. Сите сте овде пратеници и седите да работиме за тоа за што сме дошле.

Републичката самоуправна интересна заедница за патишта писмено ме извести Предлогот на одлуката за потврдување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1994 година да биде ставена меѓу првите точки, бидејќи програмата се однесува на тековната година од која измина првото тромесечје.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

(пратеникот Цветан Јовчевски бара збор).

Молам, прво да гласаме за ова што е на дневен ред.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за. Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Господинот Цветан Јовчевски сака да направи една деловничка интервенција.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, на претходното гласање, бидејќи според нашите белешки излегува 42, јас се сомневам и барам стенограф- ските белешки што ги прибележуваат тука да се евидентира, да видиме дали се 41 или 42 според гласањето. Според тоа , мислам дека не е коректно од страна на претседателот на Собранието на Македонија, господинот ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да ја напуштите говорницата.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Ве молам, господине претседателе, не е коректно кога се работи

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, напуштете ја говорницата. Господине Цветан Јовчевски веднаш да ја напуштите говорницата, напуштете ја веднаш говорницата, напуштете ја говорницата, тргнете се од говорницата, Ве молам. Немој' да ја узурпирате говорницата, говорницата не е Ваша. тргнете се од говорницата, господине Цветан.

Ја прекинувам седницата. (Седницата прекина во 12,30 часот).

II/1.-РД/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да продолжиме со работа на господинот Јовчевски му се извинувам што бев малку погруб во викањето овде, но да ви кажам за тоа сум должен така да постапувам според Уставот и Деловникот. Јас само сакам да ви укажам дека ова е многу сложено време и сигурно имаме многу сериозни проблеми. Имаме група граѓани кои имаат исклучително тешки проблеми. Но ако тие проблеми се обидуваме надвор од законот и редот да ги решаваме. Има обид во оваа сала да се оспорува тоа што е по Устав и Деловник заклучено, тоа така што се одлучило. Ве молам ние ќе го исфрлиме од овде законот и редот, затоа ве молам не ги повторувајте тие работи. Посебно упориште на законитоста е сепак Собранието. И дајте ние да се држиме до закон и ред да тераме работа, а што се однесува токму до оваа точка, таа е ставена во дневниот ред. Не се согласи Собранието да оди понапред, не се согласи. Нека биде таму и дајте сега да работиме понатаму, инаку ќе ја загрозиме позицијата на Собранието. Ќе дојде до блокада. Ако некој свесно сака блокада на Собранието низ такви ситни испади, ве молам, можеби не е свесен каде водат тие работи. Ова не се однесува на никој поединечно, само да избегнеме таква можност. Јас ве молам да избегнеме таква можност.

Одиме понатаму.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака.

55 пратеници.

Дали е некој против? (4 пратеника).

Дали е некој воздржан од гласање? (9 пратеника).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

II/2.-

Во претходен договор со координаторите на пратеничките групи, предлагам пратеничките прашања да бидат на крајот на дневниот ред.

Преминуваме на **првата точка** од дневниот ред.

Предлагам по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 10 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (48 пратеника)

Дали е некој против? (19 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, иако Собранието пред малку изгласа една деловничка одредба би сакал да кажам нешто дека по однос на изборните закони ограничувањето на дискутирањето не би требало на пратениците да постои од следниве причини. Ако за еден изборен пакет треба да се постигне еден општ консензус од политичките субјекти дека се прифатливи тие закони за сите политички субјекти, однос- но дека ќе бидат предуслови тие предизборни закони за демократски на чин за добивање на власта на следните избори мислам дека едно вакво ограничување од страна на позицијата не требаше да се спроведе, затоа што ќе остане една дамка,пред се тие закони се донесени во една недемократска атмосфера, без разлика што една таква можност постои во Деловникот на Собранието. Затоа мислам дека, барем очекувам дека позицијата во овој случај пратеничките групи кои ја поддржуваат Владата дека немаше да гласаат за една ваква одредба, туку ќе оставеа во една демократска дискусија овие закони да се донесат со еден така би рекол, општ консензус на ова Собрание.

Ве молам не е деловничка интервенција на ова Собрание, интервенцијата е политичка и затоа треба да се каже во расправата, а не сега.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас немам пратеничка група, ќе зборувам во име на народот. Многу ми е жал за првата точка, ќе извините сите што не се прифати, а за тоа што. сега треба да се дискутира за пратеници и за претседател, ве молам малку треба повеќе да се дискутира затоа што тука ќе се решава судбината не на пратеникот на Митко или Трајко, се решава судбината на Македонија со законот кој треба да го донесеме кои ќе бидат пратеници, какви ќе бидат тие, кој ќе биде претседател, меѓутоа јас мислам дека не треба да биде ограничено на 11,на 10, на 15 минути. Барем да биде на 15 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлог на закон за избор на претседател на Република Македонија.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и предлогот на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени, од- носно поделени.

Пратеникот Тодор Петров предлага Предлогот на законот за избор на претседател на Република Македонија да се претресе како Нацрт на закон.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (12 пратеника).

Според тоа констатирам дека предлогот не е усвоен.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

II/4.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, неблагодарна работа би претставувала за секој пратеник ако расправа по Предлог на закон, како што е предложениот закон за избор на пратеници на Република Македонија и во таа расправа да наоѓа бројни забелешки. Зошто? Затоа што за мене во Пред- логот на законот за избор на претседател се внесени уставни одредби кои се однесуваат на начинот и постапката од правото на кандидирање, кандидат за претседател на Републиката па се до изборот и давање изјава на свечена седница во македонското Собрание.

Единствено во членот 2 од Предлог-законот, каде што се наведува техниката за избор, која ќе соодветствува со одредбите на законот, со кои се уредува постапката за избор на пратеници и одборници има мала непрецизност, односно што ќе биде ако законот за избор на пратеници и одборници не биде донесен од овој состав на Собранието Одговорот би бил ќе се применува Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, оној што е предмет на измени и дополнувања на оваа 74-та седница на Собранието. Но сите сме согласни, така мислам, и така и во расправата на комисиите беше искажано, дека постојниот Закон за пратеници и. одборници има непрецизности кои можат да се искористат како шпекулации од поединечни политички субјекти и при избор на претседател на Република Македонија. Да не бидам толку скептичен мислам дека тоа ќе се надмине и овој а и тој закон ќе бидат донесени на општо задоволство. Јас ќе ги изнесам моите размислувања во постоењето на три можни решенија за терминот за распишување на избор за претседател на Република Македонија. По влегувањето во сила на овој закон термин кој треба да биде составен дел на овој закон во завршните одредби, а кој произлегува од причините поради кои треба да се донесе законот, како што ги наведува предлагачот во овој случај

Владата на Република Македонија. Цитирам: "Со донесувањето на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, создадена е устав- на правна основа за избор на претседател на Република Македонија на општи и непосредни избори", завршен цитат. Во потполност се согласувам со погоре цитираното, односно без разлика што сум пратеник од опозицијата на ист начин ги толкуваме овие одредби. Оттука произлегува дека прво, нема никаква уставна законска пречка со влегувањето во сила на овој закон, претседателот на Собранието да распише и во определен рок избор за претседател на Република Македонија. Значи терминот за избор на претседател може да биде предмет на политичка оценка и да се внесе во завршните одредби на законот за избор на претседател на Република Македонија. Ако се знаат ингеренциите на претседателот кои се наведени во членовите 79, 84 и 86 од Уставот на Република Македонија, таа политичка оценка би била во овој миг Република Македонија се наоѓа во исклучително незавидна состојба, предизвикана од вештачки наметнатиот спор до Република Грција, а некаде пред месец дена чувме дека тој вештачки наметнат спор е и прифатен од некои во Република Македонија и посебно ембаргото воспоставено од нејзина страна со цел да издејствува промена на нашето уставно име, знамето и одредени членови на Уставот на Република Македонија. Во сите овие случувања секогаш во преден план од страна на Република Македонија е личноста на актуелниот претседател како главен преговарач. Затоа при донесувањето на овој закон би требало, тоа е мое мислење, да се определи терминот за одржување на првиот општ и непосреден избор за претседател на Република Македонија кој ќе биде избран од граѓаните на Република Македонија, затоа што актуелниот претседател е избран од овој состав на Собранието. И без разлика на тоа што претседателот Глигоров е најпопуларна личност, според сите

анкети во Република Македонија, за жал сега имавме едни избори во една изборна единица 103, јас не го делам тоа мислење, излезе кандидатот за пратеник и вели тој што ќе гласа за кандидатот на СДС, Либералната партија и Социјалистичката партија, гласа всушност за политиката на претседателот Глигоров, видовме се добија 2400 гласа, односно 3200 гласа, ако се соберат од двајцата кандидати на опозицијата, на некој начин претставуваат некое мерило, во што јас не верувам, верувам на оние статистички показатели, анкети кои кажуваат дека претседателот е најпопуларна личност во овој миг во Република Македонија, односно и високото мислење што го имаат за него одредени странски државници, а со тоа ако имаме за 30 дена да речеме избор за претседател, непосредно добиениот мандат е потребен, од причини што пред малку ги изнесов. Дали во еден рок од 30 дена, како што кажав по влегувањето на овој закон во сила би требало да се распише избор за претседател по мене и дека таа одредба би требало да биде, да повторам во завршните одредби на овој закон. Така во предизборната кампања, кандидатите би ги презентирале своите заложби, пред се, во врска со ова во наводници го кажувам, наметнатиот спор со Република Грција. Да бидат граѓаните начисто со тоа дали некој може да даде ветување за промена на името, или Уставот на пример, а избирачите тоа право му го дале или не. Дали има права за промена на името да дадат избирачите итн. Тоа се се се работи кои треба да се размислат дека сите закони се пред се, политичка опција, предлагам Собранието да размисли дали една ваква опција не е политичка која треба да се преточи во закон.

Втората можност би била да се внесе во законот дека изборот за претседател ќе се одржи истовремено со изборите за пратеници и одборници и една таква политичка проценка треба да се елаборира со сите предности и мани во интерес на државата Република Македонија.

II/7.-

Јас стојам зад онаа првата што ја предложив, па засега ако некој ме убеди се надевам дека со подобри аргументи ќе ја повлечам. Конечно третата можност е изборот за претседател да се распише, се разбира, со точно утврден термин повторувам во завршните одредби на овој закон по изборите за пратеници, значи некаде во јануари месец 1995 година и таква една политичка опција преточена во законот е предмет на анализи и претпоставки, а се да повторам во интерес на зачувување на мирот и стабилноста, националното и граѓанското единство по однос на непостоечкиот за мене спор со Република Грција.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека во општиот претрес треба да се кажат одредени работи кои према мене стојат во практиката, односно се случуваат во животот на граѓаните на Република Македонија.

Услов што јас излегов на говорница и што бев поттикнат да кажам некои работи е уставниот третман на лицата кои сакаат да се кандидираат за претседател на Република Македонија, во однос на тоа истиот да исполнува одреден услов, а тоа е 40 години живот. Сметам дека тоа како уставна категорија не му е местото тука, од едноставна причина што самиот закон може да се понуди амандман кој може да ограничи одреден дел на години како услов да се спречи одредено лице да се појави за оваа функција.

Сметам дека историјата дала доста примери во кои помлади личности заземале одредени места, одредени функции во одредени општества итн. Само примерот со Исус Христос кој што бил распнат на 33 години живот, примерот со Гоце Делчев кој бил убиен на 33 години живот, а што значел тој за македонската кауза.

Јас сметам дека во однос на ова што сакам да го кажам е истото конкретно и реално во животот на нашите граѓани и сметам дека овој закон во основа треба да најави вклучување на еден тоталитаризам. Истото ќе го поткрепам со едни мои согледувања, не ќе се така долги, можам само да кажам дека по истите може да се дискутира многу повеќе, меѓутоа го ценам вашето време и мислам дека она што го кажувам е некаква реалност и објективност што се случува во Република Македонија.

Со носење на овој закон мислам дека во основа треба да се спречи тоталитаризмот, а тоа ќе значи да се прекине со непочитувањето на Уставот и законите во однос на стратешките работи од национален интерес на Република Македонија.

Пречекорувањето на уставните овластувања дадени во Уставот како овластувања и надлежности предвидени за функцијата претседател на Република Македонија, а кои конкретно се присутни за давање на изјави, потпишување на договори од прашања на Владата и Парламентот на Република Македонија. Да се стави крај на политичкото едноумие, апсолутно идентично, шаблонизирано и применето во Република Македонија по шаблоните на владеачката структура во Сојузна Република Југославија. Да се спречи натамошното измислување на нови административни тела со пополнување на кадри од СДС кои измислувајќи работа претставуваат само пречка во условите на стопанисување. Да се прекине со понатамошните активности со претставниците на албанските партии кои се однесуваат на отстапки кои одат на штета на македонската држава и разединување на единството на македонскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 8, член 9 став 5, член 15 и на член 17. Комисијата за општествено - политички систем поднесе амандман на член 7 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 2, член 3, член 4, член 5, член 6, 8, 9, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 На член 16 за додавање на нов став 3 по ставот 2.

Пратеникот Ташко Киров поднесе амандман на член 4 за менување на став 2, а пратеникот Стоиле Стојков поднесе амандман за внесување нов член 17 со кој претставникот на Владата не се согласил, односно не се произнел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Горги Котевски поднесе амандман на член 6 за внесуваше на нов став по ставот 3, а пратеникот Авди Муртезани, поднесе амандман на член 9, став 4, потоа на член 12, став 1 и на член 15 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стефковски, поднесе амандман на член 18 со додавање нов став по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? 22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 2, 3, 4, 5, 6, 8, 9, 11, 12, 13, 14, и 16, поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам, да крене рака? 21 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2,3,4,5,6,8,9,11,12,13,15 и 16 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на ставот 2 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот од причини што се предлага од денот на престанокот на мандатот, до денот на одржувањето на изборот да не можат да поминат повеќе од 40 дена, ниту помалку од 25 дена, заради тоа што ставот 2 на членот 4 се предлага рок од 40 дена во кој рок треба да се завршат сите активности околу изборот на претседателот, што значи дека може да се извршат и за помалку, во рок од 25 дена што се предлага со амандманот. Рокот од 40 дена е оптимален и сосема доволен за да се изврши изборот. Од тие причини Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој) Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за поднесување нов став по ставот 3, поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата на Република Македонија не го прифаќа овој амандман од причини што истиот е спротивен на одредбите на член 80 од Уставот на Република Македонија каде во ставот 3, 4 и 5 се утврдени условите за претседател на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за внесување нов став по ставот 3, поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 9, став 4, поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи цени дека рокот од 2 дена е доволен за отстранување на неправилностите во листите, доколку овој рок би бил подолг како што се предлага може да се пробие рокот утврден во ставот 1 од истиот член. Оттука не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 4 поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 1 поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот, бидејќи цени дека предложеното решение во членот 12 став 1 во целост е почитувано начелото на демократичност на постапката за предлагање избор за претседател на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, предложениот член од Владата на Република Македонија вака гласи: "Ако во првиот круг ниту еден кандидат за претседател на Републиката не го добил потребното мнозинство гласови, во вториот круг се гласа за двајца кандидати, кои во првиот круг добиле не многу гласови".

Мојот амандман е поднесен од практични причини. Во случај да конкурира за место на претседател на Република Македонија тројца или повеќе кандидати, ако вториот и третиот кандидат добиваат ист број на гласови, што теоретски е можно, практично ретко доаѓа, меѓутоа во историјата на изборите постоело, сметам дека не треба да се мачи ниту Парламентот, ниту Владата, а од друга страна индивидуалните права на граѓанинот ќе бидат исполнети. Како ќе се одлучи врз каков механизам ќе дојде односно повлекување на третиот кандидат односно четвртиот ако имаат ист број на гласови. Врз база на што, врз база на каков инструмент. Сметам дека со ова ништо не се губи, туку уште повеќе се добива во демократијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

22 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 1 поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа ваквиот амандман од причини што во членот 2 од Предлогот на законот за избор на претседател на Република Македонија е утврдено дека за избор на претседател соодветно се применуваат одредбите на Законот, со кои се утврдува постапката за избор на пратеници и одборници. Така со оглед на тоа што во ова прашање е регулирано во означениот закон, нема потреба посебно да се разработи овој закон како што се предлага.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Предложениот амандман не е моја лична идеја, туку идеја на Комисијата за општествен надзор и претставки. Уште дента поверени испратен од страна на Владата не сакаше, ниту имаше такво право да прифати нешто и меѓувреме на седницата се појавија идеи, прашања и одговори околу тоа.

По однос на овој член овде се вели: "Трошоците за предизборна агитација на кандидат за претседател на Републиката не можат да изнесуваат повеќе од 1000 просечни плати во Републиката во последните три месеци пред периодот во кој се одржуваат изборите" Во случај да има повеќе од двајца кандидати, тогаш колку би изнесуваат трошоците. Дали овие трошоци се однесуваат за сите кандидати вкупно, или пак за еден кандидат. Овде не е наведено од каде ќе се добиваат овие средства а и дали кандидатот може да обезбеди други средства со други извори, освен овие извори. Целта е ова ништо друго.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Одредбата е однесува само за еден кандидат,во членот 69 од Законот за избор на пратеници е регулирано кога државата од Буџетот ќе ги надокнади средствата, доколку биде избран за претседател, а доколку не биде избран може да потроши до 1000 просечни плати во Република Македонија како што е утврдено во законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде ја имаме процедуралната тешкотија, ова што го објасни и претставникот на Владата во ниеден член не е јасно напишано во што се повикува и како може само на избраниот да му се надокнадат средствата. Не знам на кој член се повикува, за да ни биде јасно за што зборуваме.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Вкупно средства на еден кандидат за избор за претседател во предизборната кампања може да потроши 100 0 просечни плати во Република Македонија како што е кодифицирано. Затоа што средствата да не бидат основ за избор на претседател, туку сите граѓани еднакво да можат да го поднесат.

III/7

Во членот 69 станува збор за трошоци во предизборната кампања. А трошоците за изборите за претседател и на пратеници се утврдени во членот 69 во Законот за избор на пратеници каде кажува: "Една третина од средствата за спроведување на изборите служи за покривање на дел од трошоците, кои ги направиле политичките партии и други форми на организирање и здружување, чии истакнати кандидати се избрани за претставници, како и неизбраниот претставник кој е избран како независен кандидат". Бидејќи соодветно се применува законот за избор на претседател постапката е иста, тогаш значи дека 1/3 од трошоците кога претседателот ќе биде избран, државата преку Буџетот тие пари ќе му ги даде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, а ама тоа е од друг закон.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Авди Муртезани.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од ЗПК.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од ЗПК.

Отворам претрес.... (за збор сака да се јави Томислав Стојановски. Ве молам во салата сте, бидете внимателни минавме по тој амандман и не можеме сега господине Стојановски. Ве молам немојте така. Вие сте правник.

Отворам претрес по амандманот за внесување на нов член 17-а поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот и на мислење сме дека да не се прифати амандманот од причини што е спротивен на членот 10 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, каде е утврдено дека Собранието на Република Македонија во постојниот пратенички состав, претседателот на Република Македонија и: Владата на Република Македонија продолжуваат да ги вршат функциите со права и должности утврдени со Уставот за одржување на нови избори Па оттука, сметаме дека ако прифатиме таква одредба ќе биде спротивен на Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

После една ваква изјава на министерот за правосудство што јас не знам на кого да му верувам, дали ова што пишува во образложението од предлагачот односно Владата на Република Македонија чиј претставник е и министерот за правосудство, ќе цитирам само еден дел и се вели вака: "Причини поради кој треба да се донесе законот, со донесување на

Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, создадена е уставно правна основа за избор на претседател на Република Македонија на општи и непосредни избори. Значи, пречка нема, како што објасни министерот за правосудство споменувајќи го членот 10 од Уставниот закон само да се потсетиме дека и пред оваа Влада имавме една Влада која кога се донесуваше Уставот беше Влада на Република Македонија, и ако се толкува така значи таа влада требаше да остане до крајот на мандатот на овие пратеници овде. Меѓутоа, овде се изгласа недоверба на таа влада и беше заменета со друга влада. Затоа јас го прифаќам образложението и поаѓајќи од образложението поднесе амандман дека нема уставно правна пречка за да се спроведе избор по влегување во сила на овој закон за да се спроведе изборот на претседател на Република Македонија. Затоа предлагам во амандманот со влегувањето во сила на овој закон претседателот на Собранието да распише избор за претседател на Република Македонија во рок од 30 дена. Значи, ако денес го донесеме некаде за 8 дена ако биде тоа, тоа би било во мај од следниве причини. Пред малку кажав и да повторам тоа е една политичка опција, едно политичко размислување. Затоа што Република Македонија се наоѓа во таква состојба од нашето непосредно и подалечно опкружување, односно сме во една таква меѓу- народна би рекол изолација, имаме ембарго од Република Грција, имам наметнат спор исто така од Република Грција, кој некој си земал за право да го прифати дека е спор, а јас велам дека нема што да спори заради тоа што ние нема што да спориме, а можеме да разговараме за сите прашања. Во една таква политичка констелација, би требало спор мене, не навлегувајќи, почитувајќи го и актуелниот претседател сега што е во Република Македонија господинот Киро Глигоров, мислам дека тоа е

моето политичко мислење дека изборот за претседател кој би бил да кажеме во мај месец 1994 година, ќе ја зајакне позицијата на Република Македонија во однос на надворешните фактори. Тоа е целата моја заложба. Утре никој не може да каже дека претседателот ви е избран од Собранието како што е случајот сега, туку има добиени мандат врз основа на своја програма меѓу која како сегмент би биле и овие прашања во однос на Република Грција, ембаргото, името, Уставот знамето итн.

**СТ0ИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Тоа е основата на овој амандман. Велам, тоа е мое политичко размислување кое би требало да биде преточено во законот без разлика што можеби, еве да кажам неприфатливо е за Владата, значи не е прифатливо и за позицијата , може би некој и од позицијата ќе спори. Тоа е тоа, треба овде политички да се докажуваме кое е поисправно с§ во интерес на зачувување на мирот и стабилност во Република Македонија, односно излегување од оваа криза во која што сега се наоѓаме..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ.**

Почитувани пратеници, со целосно уважување на сето она што го искажа претходникот како во врска со неговиот амандман така и во општиот претрес и успешната елаборација што би значело да се избра претседател во една, втора и трета ситуација, јасно е дека ако се анализираат политичките состојби во Републиката изборот на претседателот на Републиката има и те како големо значење и ќе се одрази и на изборот на пратениците во овој парламент. Оттука ценам дека амандманот на господинот Стоиле Стојков е идентичен исто така со мојот амандман поднесен на членот 18 од Законот со таа разлика што јас во својот амандман предлагам изборот за претседател на Република, претседателот на Собранието да го распише 10 дена по завршувањето на вториот круг на гласање и користејќи го она искуство кое што го има Бундестагот да во услови кога веќе 51% од пратениците се избере и да се смета дека може да се распише избор за претседател на Републиката. Со други зборови јас сметам дека нај адекватно во овој момент без било како политички притисок а сакале или не, со самиот факт што се дава можноста да кандидатот за претседател биде

предложен и од политичка партија дека неговиот избор пред изборот на пратеници ќе има и те како влијание на изборот на самите пратеници во Парламентот. Оттука сметам дека позицијата на Републиката во однос на она што го имаме како спор ќе биде многу зацврстена и од фактот што парламентот е тој кој што одлучува за многу прашања кои што денеска на одреден начин се предмет на договарање и во кои што учествува претседателот на Собранието. Позицијата на претседателот на таква дека тој навистина учествува во надворешната политика, меѓутоа учествува и се договара по прашања за кои е надлежно ова Собрание. Оттука идниот претседател треба да го бара својот мандат и да учествува во работата на државата само во согласност со своите уставни овластувања, а не и по прашања од надлежност на овој парламент. Оттука ценам бидејќи веќе во практиката не ќе имаме ситуација да може да се повтори ситуацијата да едновремено се одржуваат избори за претседател на Собрание, избор за пратеници, и во овој момент дека треба да се при- фати она што на одреден начин јас го сугерирав во својот амандман Со други зборови сметам дека господинот Стоиле Стојков треба да се приклони на амандманот кој што јас го поднесов, а тоа е изборот на претседател да се врши по изборот на пратеници во овој парламент. Во тој смисол јас му апелирам тој соодветно да постапи по мојот прилог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е барање господинот Стојков да го повлече својот амандман, но тоа е негова работа.

Дали некој друг бара збор?

IV/3.-

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, ова прашање е интересно и важно на кој начин ќе биде регулирано од едноставна причина што веќе има на еден начин присвојување на политиката што е водена од претседателот на Републиката, присвојување кое сегашната коалиција на брутален, на места и бесмислен начин го врши. Како и да е, ако се дозволи без одглас да помине ставот дека кој гласал во изборната единица 103 за коалициониот кандидат гласал за политиката што ја води претседателот на Републиката тоа ќе биде знак дека само неполни 19% од популацијата го дале својот глас за, а повеќе од 20 и неколку проценти биле против тоа, против таа политика. Тоа со себе повлекува на морален план, не на легален како што се обидуваше водачот на најсилната групација во коалицијата да не убеди за Велигден пред Неколку години кога немавме уште ниту своја парична единица. Односно тогаш се велеше ниту пратеничкиот состав, ниту претседателот на Република Македонија има легалитет и легитимитет за работењето и тоа беше ваш став. Сега е фаза кога македонската државност, а посебно признавањето на македонската држава нејзиното лоцирање во глобални рамки минува низ една критична фаза, и на овој начин да биде омаловажувана функцијата опишан а и запишана во Уставот а тоа е на претседателот на Републиката нема ниту една политичка структура право и што е најинтересно таков тројански коњ подметнува токму коалицијата. Залагањето изборите да се спроведат за еден месец или за шест недели од донесувањето на Законот може да го покачи легитимитетот. Тоа би бил едноставно добиен мандат од жителите, од граѓаните и граѓанките и на тоа не би било ништо спорно. Јас сум лично сега во една мала недоумица бидејќи македонската држава е целисходно да има луѓе со мандат, а ова што го чувме од министерот пред малку како став на Владата, за мене е неодржливо, бидејќи со таа логика не смееше да се бара ниту распуштање на парламентот пред време, бидејќи нели

пратениците и другите функционери согласно со Уставниот закон си продолжувале со својата функција. Зошто тога Владата да не се согласи за која се именувани, зошто тогаш Владата да не се согласи да може порано пред тие пет години именување за претседателот на Републиката од парламентот да има избори, а може да се согласи на пример имаше една таква иницијатива минатото лето сосема политички депласирана и до некаде и убиствена за македонската држава да се одржат избори пред време за парламентот. Сега би сакал да се осврнам кон оваа најнова да кажам дилема. Ако од господинот Томислав Стевковски има амандман за кој јас сум до некаде запознаен усмено, не сум го прочитал и несум ни свесен дека тој е во колизија со овој амандман кој е сега во расправа би би целисходно заради издржаност на постапката ние да прекратиме со рас права едноставно да уточниме кое што е. Јас морам да напоменам дека како пратеник не сум ги добил сите амандмани и не сум бил во можност да ги прегледам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници по неприфаќањето на амандманот од страна на претставникот на Валата ан Република Македонија очигледно е дека и пратениците она што често се вели парламентарно мнозинство кое ја поддржува Владината коалиција, односно коалиционата Влада, очигледно е дека овој амандман не би бил изгласан, а реков овој пакет на закони, односно и овој закон за избор на претседател на Република Македонија би требало да се донесат барем со еден кон- сензус да речеме од 80-тина проценти во ова Собрание. Затоа ја прифаќам сугестијата на Господинот Томислав Стефковски, очигледно и тој од таа позиција тргнал дека нема клима, односно да се обидеме таа политичка опозиција, реков пред се тоа се политички опции за терминот на времето, односно за терминот за распишување, можно распишување за

избор на претседател на Република Македонија, очигледно да видиме дали таа негова заложба тоа да биде некаде после изборите ќе биде прифатена од страна на позицијата во ова Собрание и затоа го повлекувам овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 за додавање нов став поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници навикнати сме на шаблонски одговори од претставници на Владата, прифаќам, не прифаќам, а не кажува зошто? Тоа значи не знам зошто не сум го прифатил амандманот. Јас ќе се пот рудам да бидам малку попрецизен на одреден начин да повторам она што господинот Стоиле Стојков го кажа. Тој во основа ги кажа трите можни опции од изборот на претседател, поточно од времето за избор на претседател. Во првата опција кога претседателот на Собранието се бира пред изборот на пратеници од самиот факт што кандидатот за претседател е веќе политичка личност и определена одре- дена партија, или коалиција на партии дава предност на гласачкото тело токму на тие партии во изборите за пратеници. Тоа е општо познато и ние видовме дека и во оваа изборна единица 103 се користиш токму тоа од кандидатот на социјал-демокртскиот сојуз "гласајте за мене" гласајте за Киро Глигоров". Праксата покажува дека ќе имаме злоупотреба токму од одредени политички партии во врска со изборот на кандидатот за претседател на Републиката.

Во втората варијанта што беше изнесена ако се врши изборот едновремено. Ако се врши изборот јасно е дека и тука го имаме оној ризик од добивање и губење. Ако во оваа варијанта на едновремено

кандидатот не го добие потребното мнозинство, јасно е дека во вториот круг ќе имаме на штета на партиите чиј кандидат е претседателот на Републиката. Со други зборови доколку во првиот круг одат заедно изборите се изврши избор на претседателот на Републиката веќе судбината на другите политички партии во вториот круг е запечатена со самиот факт ако претседателот на Републиката биде избран во првиот круг. Оттука цениме дека најоптимално решение, а поаѓајќи и од фактот дека претседателот на Собранието на Република Македонија е избран од овој парламент и дека со членот 16 се дава една можност за давање на свечена изјава, ценам дека претседателот на Републиката треба да биде избран по изборот на пратеници во Парламентот и свечената изјава да ја даде пред новиот состав. Тоа е основната поента на поднесениот амандман. Јас морам да кажам дека да искажам едно жалење што не се образложи амандманот во врска со членот 16 на овој закон. Имено со членот 16 се сакаше да се на одреден начин ново избраниот претседател пред новиот состав на овој парламент добие благослов од поглаварот на македонската православна црква. Нашето мислење како на пратеничка група дека со овој факт се настојува на еден индиректен начин да се влијае и во признавањето на МПЦ бидејќи претседателот кога би бил благословен од поглаварот на МПЦ, бидејќи претседателот во контактите на посреден начин се врши и признавањето на нашата македонска православна црква. Од тие причини јас апелирам мојот амандман да биде уважуван и не на шаблонски начин онака како што вели министерот за правосудство и управа "владата не го прифаќа". Овој амандман има суштествено значење.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ние треба да ги цениме аргументите и ако појдеме од членот 81 пред последниот став каде што кажува избор за претседател на Републиката се врши во последните 60 дена од мандатот на претходниот

претседател, тоа значи дека Уставот ја решил таа состојба. Јас поставувам едно друго прашање, дали при донесувањето на друг закон од кога ќе го избереме претседателот ако ставиме такви одредби во завршните одредби да во рок од 30 дена претседателот да распишува избори а тоа не значи ли дека го ограничуваме уставниот мандат што му го дава уставот и ако дојде до разлика на политичко видување на претседателот и на Собранието тоа значи ли дека Собранието со донесување на секој иден закон за избор на претседател ќе го лиши од мандатот кој ќе му го даде народот во рок од пет години на донесувањето на тој закон. Од тие причини сметаме дека законот треба да биде општо правно правило кое треба да ги регулира сите случаи со исти битни обележја на неопределен број на случаи, а не инструмент за остварување на дадени избори.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас ќе морам да го прочитам амандманот. Изгледа министерот не го прочитал. Во амандманот се вели: "Со влегувањето во сила на овој закон претседателот на Собранието ќе распише избор- за претседател на Републиката во рок од 10 дена од денот на завршувањето на вториот круг на гласање ако се избрани повеќе од 51% од пратениците1.' Познато е дека на овој пратенички состав мандатот му истекува на 8 јануари. Претседателот на Републиката беше избран во јануари од овој парламент. Ако тврдиме и веќе е најавено дека изборите ќе се држат во ноември, најлогично е, предлогот што јас го поднесов се уклопува токму во роковите што ги предвидел и Уставот, имено последните 60 дена. Ако е избран на 15 јануари тоа значи дека на 15 ноември ако завршат изборите логично е дека треба претседателот на Собранието да распише избори. Не знам која математика ја изведе министерот Туше Гошев. Ова токму се уклопува во Уставот, јас не знам од каде против уставно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(24 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 за додавање нов став , поднесен од пратеникот Томислав Стевковски.

Не знам дали се поделени амандманите, имаме добиено девет амандмани од пратеникот Тодор Петров.

Дали се поделени?(не се поделени).

Молам, веднаш да се поделат.

Предлагам пауза од 20 минути, колку е потребно да се поделат амандманите.

(Пауза од 13,40 до 14,30 часот).

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 2, на член 2 за додавање нова глава II и четири нови членови, на насловот на Глава II, на член 3, став 2, член 4 став 1, член 4 став 2, член 3 за додавање нов став 3 , член 7 став 2 и за додавање нов став 3 и на член 8.

Пратеникот Горги Котевски поднесе амандман на член 6 за додавање нов став 3, а пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 16 за додавање нов став по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

V/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Туше Гошев, министер за правосудство и управа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во член 2 од Предлогот на законот за избор на претседател на РМ, утврдено е дека за изборот на претседателот на Републиката, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот со кој се уредува постапката за избор на пратеници и одборници.

Имајќи предвид дека и Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници во членот 1 е наведено дека со тој закон не се утврдува постапката, туку се уредува начинот на изборот на пратениците, што е во согласност со членот 62 став 5 од Уставот на РМ и членот 1 од Предлогот на законот за изменување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, лично сметам дека е посоодветно да се прифати амандманот со кој , зборовите: "се утврдува постапката за избор на пратеници и одборници, ќе се заменат со зборовите: "се уредува начинот за избор на пратениците".

V/3.-

Не знам од кон причини во Извештајот на ЗПК не е ставено од седницата, меѓутоа, заменикот на министерот на седницата оваа забелешка ја прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи амандманите се сега поделени, можеби и консултации не биле можни да се извршат помеѓу оној кој ја претставувал Владата на седницата на ЗПК и министерот, го молам министерот да се произнесе и по тој аспект на прашањето и дали ова може да се прифати или не.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа затоа што во член 2 од Законот за претседател е определена постапката како ќе се врши изборот, а тоа е согласно на Законот за избор на пратеници и одборници. Ако тука ставаме ваква дикција на членот 2, тогаш повторно со повторуваше ќе ја уредиме постапката на целиот закон за избор на пратеници што е предвидена во Законот за избор на пратеници и одборници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не бара) .

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова глава II и четири нови членови поднесени од пратеникот Тодор Петров.

V/4.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Туше Гошев, министер за правосудство и управа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа затоа што јас веќе реков дека членот 2 од Законот за избор на претседател ја уредува материјата и постапката, начинот на изборот е утврден во Законот за избор на пратеници и одборници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор г-дин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

И во Предлогот на Владата во членот 2 децидно е укажано дека за изборот на претседател на Републиката соодветно се применуваат одредбите од Законот со кој се утврдува постапката за избор на пратеници и одборници, до колку со овој закон не е поинаку определен.

Зошто предлагам да се додаде нова глава II која ќе гласи: "СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ"?

За да се прецизира во текстот на законот дека органи за спроведување на изборот на претседателот на Републиката се изборните органи за спроведување на изборите за пратеници. Соодветно не може да се применуваат одредбите од законот за избор и отповикување на пратеници, одборници, со Законот за избор на претседател, затоа што изборна единица за избор на претседател е целата држава, а за избор на пратеници има толку изборни единици , колку што се утврдува вкупниот број на пратеници во Собранието.

Одделни изборни дејствија што ги вршат изборните комисии на изборните единици завршуваат во самите изборни комисии, за разлика од надлежностите што треба да ги добие државната изборна комисија која што дефинитивно треба да го утврди и резултатот од гласањето.

Само за пример, во Предлогот за избор на пратеници и одборници, предлогот на Законот, се вели дека државната изборна комисија во постојан состав, изборната комисија на изборната единица за избор на пратеници со решение ги потврдува листите на предложените кандидати. Ова дејствие на изборната комисија на изборната единица за избор на пратеници не може аналогно да се применува при овој Закон. Тоа дејствие треба да биде во надлежност на државната изборна комисија и бидејќи во членот 2 е кажано "доколку со овој закон не е поинаку определено", предлагам во оваа нова глава, во членот 4 да се додаде одредба со што ќе се дефинираат дополнителните надлежности и на државната изборна комисија, а тоа е да утврдува дали пред- ложените кандидати за избор на претседател се предложени во согласност со одредбите на овој Закон и Уставот и со решение да ги потврдува листите на предложените кандидати.

Воедно државната изборна комисија во променлив состав, покрај другото треба да ја составува единствената листа кандидати за претседател на Републиката и да ја објавува во"Службен весник на РМ".

Оваа надлежност за избор на пратеници и одборници е дадена како надлежност на изборна комисија на изборната единица за избор на пратеник. Таа ја составува листата на кандидати за пратеници во изборните единици за избор на пратеници. Тоа овластување и надлежност би требале со овој закон во оваа посебна одредба да се префрли како надлежност на државната изборна комисија.

V/6.-

Исто така предлагам изборната комисија на изборната единица во променлив состав, покрај другото да ги утврдува резултатите од гласањето за избор на претседател на Републиката во изборната единица, а државната изборна комисија да ги утврдува резултатите од гласањето за избор на претседател на Републиката за целата држава•

Членот 6 што го предлагам да се дополни и гласи: "Изборните единици за избор на пратеници се изборни единици во кои се спроведува гласањето по единствената листа на кандидатите за претседател на Републиката утврдена од државната изборна комисија", заради тоа што за избор на претседател имаме една единствена изборна единица, а тоа е целата територија на Републиката.

Од овие причини сметам дека би требало да се изврши дополнување со нова Глава II на Предлогот на законот што е во процедура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (26 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 2 за додавање нова глава 2 и четири нови членови, поднесе! од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на насловот на глава II поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Туше Гошев, министер за правосудство и управа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не ги прифаќа затоа што се во иста конотација како и првото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на глава II поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Туше Гошев, министер за правосудство и управа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ние ги прифативме уставните рокови и сметам дека било каква друга номотехника на правена во тие членови ќе биде само различна во решението. Инаку, истата цел се постигнува. Тоа Законит го прави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Амандманот не го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Петров бара збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 3 од Предлогот на законот предвидено е, односно превземена е уставната одредба , изборот за претседател на Републиката да го распише претседателот на Собранието на РМ.

Ставот 2 со кој е дефинирано дека од денот на распишувањето на изборот до денот на одржувањето на изборот не може да помине повеќе од 60 дена, ниту помалку од 30 денови, која што Владата сама, надвор од она што е со Устав пропишано ја предлага во текстот на Предлогот на законот.

Меѓутоа, сметам дека токму дефинирањето на терминот или рокот за распишување на изборот, вака како што е дадено, ги.. ограничува и оневозможува правата на граѓаните во изборната постапка да предложат претседател на Републиката како свој кандидат, имајќи ја предвид уставната одредба дека 10 илјади граѓани можат да предложат кандидат за избор на претседател.

Со амандманот предлагам од денот на распишувањето на изборот до денот на одржувањето на изборот да не може да помине помалку од 90 дена. Тоа не е никакво ограничување на овластувањата што претседателот на Собранието ги има со Уставот од следните причини

V/9.-

Ако соодветно се применуваат одредбите од Законот со кој се уредува начинот за изборот на пратениците, според член 2, еве како би се одвивале изборните дејствија: изборот треба да заврши 15 дена пред истекот на мандатот на претходниот претседател. Ако изборот на претседател се одвива во два круга, според одредбата од Уставот, потребни се уште 15 дена, тоа се 30 дена до денот на одржувањето на изборот. Ако се прифати одредбата аналогно од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, за избор на пратеници и одборници, предлагачите се должни 20 дена пред денот на оджувањето на изборот да ги поднесат кандидатските листи. Тоа се 50 дена. Значи не постои теоретска можност на претседателот на Собранието да му дадеме овластување изборот на претседател на Републиката да го распише не повеќе од 60, ниту помалку од 30 дена. Педесет дена се потребни аналогно ако се преземе дејствието од Законот за избор на пратеници.

Затоа предлагам оваа формулација во ставот 2 да се промени и да не се прифати дека од денот на распишувањето на изборот, до денот на одржувањето на изборот не може да помине повеќе од 60 дена, ниту помалку од 30, туку предлагам да се прифати амандманот со кој оваа формулација на став 2 на членот 3 ќе гласи:"од денот на распишувањето на изборот, до денот на одржувањето на изборот, не може да помине помалку од 90 денови". Тоа значи претседателот на Собранието 90 дена пред денот на одржувањето на изборот на претседателот ќе го донесе актот за распишување на изборот за претседател, со што ќе отпочнат изборните дејствија. Тоа е од една гледна точка.

Од друга гледна точка, ако се прифати уставната одредба дека претседателот на Републиката може да му престане мандатот од оправданите причини наведени во Уставот и дека изборот во тој случај за нов претседател се врши во рок од 40 дена од денот на престанокот на мандатот, ниту овој рок не може да се вкалкулира во потребните 50 дена, аналогно применети од Законот за избор на пратеници.

Затоа предлагам пратениците да го прифатат предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? Збор бара г-ѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници не гледам причина за една ваква крутост на Владата, од причина што сите сме овде присутни со цел да донесеме што подемократски решенија за избор и на претседател а подоцна и за избор на пратеници и одборници. Само поради тоа смета дека амандманот не е така редакциски или она што рече претставникот на Владата - превземени се уставните определби.

Уставните определби се преземени само во еден дел, меѓутоа, не и во рокови и ова што сега се предлага да не биде повеќе од 60, дена, ниту помалку од 90, а не како што стои во решението од 30 дена, дава можност за една поширока демократска процедура, што мислам дека ова Собранието нема; причина да ги ускрати.

Се надевам дека пратениците ќе гласаат во прилог на амандманот.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието)

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор министерот Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Членот 81 од Уставот јасно го дефинира изборот за претседател на Републиката дека се врши во последните 60 дена од мандатот на претходниот претседател. Помалку од 90 дена го пробива рокот од 60 дена. Од тука сметаме дека нема уставна поддршка вака дадениот рок.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Лично правам дистинкција помеѓу термините :одржување на изборите, вршење на изборите во последните 60 дена од дејствието распишување на изборите. Изборите можат да се распишат, кампањата, агитацијата да тече пред рокот кога треба да е изврши односно да се врши изборот на претседателот, а тоа е последните 65 дена. Затоа, за мене нема никакво уставно ограничување и распишувањето на изборот за претседател да биде повеќе од последните 60 дена на истекот на мандатот на претседателот на претходниот мандат.

Ако се примени оваа аналогија ограничување што е дадено со одредбата од предлогот на Владата, се ограничува правото на граѓаните во постапката за предлагање кандидати, со собирање 10 илјади потписи во случај кога на претседателот ќе му престане мандатот од било кои причини наведени во Уставот.

V/12.-

Ако се применат одредбите од Законот за избор на пратеници соодветно и во постапката за избор на претседател, потребни се минимум 50 дена до денот на одржувањето на изборот на самиот чин на гласањето. Треба да заврши пред истекот на мандатот, за тоа треба 15, 15 треба од вториот до првиот круг, 20 дена пријавување на кандидатските листи, тоа е вкупно 50 дена. Затоа сметам дека не е никакво ограничуваше ниту спротивно на Уставот, само се зголемува демократичноста во постапката. Инаку, вака тесно ограничено од 60 до 30 дена, претседателот може да манипулира со Собранието според негови потреби. Ако се прифати горната граница 30 дена ќе останат само 10 дена за собирање на потписи за сите изборни активности во постапката за кандидирање на претседателот. Затоа сметам дека предложеното решение е подемократично и треба да се прифати.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Повеќе нема да се јавам за овој амандман, меѓутоа сакам да кажам дека со моментот изборот на претседател не е само да се стави ливчето во кутијата, во рок од тие 90 дена, туку изборот на претседателот од донесувањето на решението со отпочнувањето на изборната постапка до денот на изгласувањето не може да помине толку. Инаку, во пракса ако го прифатиме овој модел ќе сфатиме дека уште во јануари месец ќе донесеме решение за нови избори, а ќе имаме избори во декември месец. Карикирано тоа може така да се направи. Ние, треба да го почитуваме членот 41 ставот 7 од Уставот каде кажува во рок од 60 дена да се изврши тој избор.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор по овој амандман?

(нема)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (26)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање на нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 4 став 1 преземена е уставната формулација дека изборот на претседател на Републиката се врши во последните 60 дена од мандатот на претходниот претседател. Со амандманот предлагам точката да се замени со запирка и да се додадат зборовите така да целиот текст на ставот 1 од членот 4 би гласел: "изборот на претседател. на Републиката се врши во последните 60 дена од мандатот на претходниот претседател по правило најдоцна првата недела во последните 40 дена од мандатот на претходниот претседател." Сега министерот ќе каже со ова го ограничуваме Уставот или правото да се врши избор на претседател во последните 60 дена со тоа што би додале ограничување 40 дена. Со ставот 2 и со членот 2 од Предлогот на законот и со соодветната примена на одредбите од Законот со кој се уредува постапката за избор на претседател тој рок е веќе детерминиран. Ние и да не сакаме таа уставна формлација сме е ограничиле, стесниле, од истите причини за кои што пред малку зборував во претходниот амандман.

Изборот на претседател мора да заврши 15 дена пред истекот на мандатот на претходниот претседател, изборот се врши во два круга, потребни се уште 15 дена, тоа се веќе 30 дена и на тој начин би се дефинирало изборното дејствие што и претседателот со актот за распишување на изборот ќе треба да го определи или да ги определи со тоа што ќе се каже дека по правило изборот на претседател на Републиката кога се врши по редовна постапка би требало да се изврши најдоцна првата недела во последните 40 дена од мандатот на претходниот претседател.

благодарам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не сум сигурен дека министерот и предлагачот дека говорат за истиот амандман, но тоа е нивни проблем.

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој е за да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на членот 3 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот н а член 4 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи е употребена истата номотехника, Владата не го прифати амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, а имам впечаток дека предлагачот претходно говореше по овој текст,

Дали некој друг бара збор? /не/

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во членот 4 став 2 е утврдено дека во случај на престанок на мандатот на претседателот на Републиката од кои и да е причини изборот за нов претседател се врши во рок од 40 дена од денот на престанокот на мандатот. Во овој случај сите изборни дејствија во постапката утврдени во членот 3 едноставно се нарушуваат затоа што имаме посебна постапка за избор на претседател и многу скратени рокови и доколку би се прифатила формулацијата на членот 3 став 2, претседателот да го распише изборот за изборот на претседател на Републиката во последниот 30-ти ден до денот на одржувањето на изборот во рок од 40 дена едноставно на граѓаните им се одземат правото да можат во било кое време затоа што го нема, изборните дејствија го суспендираат да може со собирање потписи да предложат ваков случај кандидат за претседател на државата.

Затоа предлагам овој став д асе дополни со зборовите дека во случај на престанок на мандатот за претседател на Републиката од кои и да е причини изборот за нов претседател се врши во рок од 40 дена од денот на престанокот на мандатот, по правило најдоцна првата недела во последните 40 дена од мандатот на претходниот претседател.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор по амандманот? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по

амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е. за молам да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Горги Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што во Уставот се утврдени условите и Законот ги содржи тие услови.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некојд руг бара збор? Пратеникот Котевски

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Дами и господо, бидејќи го сметам ова Собрание доста демократично, јас овде понудив еден амандман кој можеби кај вас ќе предизвика некаква радозналост, меѓутоа ќе се потрудам во границите на моите можности и способности да го елаборирам зошто токму го поднесов овој амандман.

Јасно и гласно амандманот кој го дадов еве ќе го цитирам а тој е следниот: "Кандидатот за претседател на РМ треба да биде во психофизичка здравствена состојба и да не биде постар од 70 годи Во Уставот на РМ член 80 алинеја 4 веќе истакнато дека кандидат за претседател на РМ треба да наполни возраст од 40 години. Со самото поставување на овој услов, се поставува и прашањето зошто токму поставување на износот од 40 години. Ние општо знаеме дека во текот на својот живот човекот до 40 години возраст треба да помине еден извесен стадиум во кој треба да го помине и детството и младетството,

да се образува како личност, да се воспита како личност, но исто така во текот на овие наполнети 40 години треба да биде добро ситуиран, оженет, човек кој создал свое семејство и кој нешто значи во општеството.

Значи, овие 40 години се одличен услов кој не го негирам уставотворецот и ние како пратеници кој го изгласавме овој Устав мислам дека 40-те години се добра минимална старосна граница за избор на претседател во РМ.

Со оглед на тоа што прашањето го поставивме 40 години треба да го поставиме и прашањето зошто 70 години старост која јас ја предлагам со овој амандман во членот 61 За да продолжам понатаму, како елаборација на она што го истакнав за износот од 40 години во текот на својот работен век човекот барем на овие простори во РМ, просечниот човечки живот изнесува некаде 65 години. Јас веќе давам една старосна граница од 70 години и сметам дека не само со протекот на живеење на овие простори, туку и во најголемата потенцијална способност на човекот е во овој износ на години, потоа по овој износ, нормално бидејќи и Господ и Природата ни дале таква моќ или немоќ мислам дека под просекот на старосните години кои се граница во РМ не би требало да се кандидираат членови за претседател на РМ. Со тоа ќе ставиме една реска граница и со тоа политичките партии, а исто така и граѓаните на РМ и Македонците во РМ ќе можат полесно и во согласност со Законот ако го прифатите овој амандман ќе предлагаат такви членови кои ќе бидат во една таква психофизичка здравствена состојба и кој не ќе бидат поголем товар на нашата заедница затоа што не треба почитувани пратеници да бидеме оптоварени од помислата дека овој Закон што денес ние го носиме, го носиме за одредени личности. Тоа треба да го

оставиме настрана. Нашиот живот тече понатаму. Досега еден претседател на РМ, утре ќе биде друг, понатаму трет итн. итн.

Мислам дека трезвено треба да гледаме на овие прашања и да не ни се случува во иднина да поставуваме конзилиуми од лекари и да го враќаме минатото повторно на македонската сцена во политичкиот живот итн. Мислам дека тие се банални работи и по полека ние како пратеници треба да ја навикнеме и нашата јавност и општото јавно мислење во РМ пополека од тој баланс од минатото да се ослободуваме, зошто сите ние како пратеници и како граѓани на оваа држава сме растени, воспитувани во еден систем и од тој систем ние сите горе-долу сме болни. Психолошки сме болни и психолошки сме оптоварени и секогаш кога дискутираме за вакви прашања и амандмани или закони секогаш кај нас има еден товар од минатото и секогаш го поставуваме како прашање и токму заради тоа јас кога го поднесував овој амандман одредени колеги овде, во Парламентот, велат немаш доволно аргументи па поставуваш еден ваков амандман. Таквите мои колеги всушност немаат никакви аргументи и сакаат постојано да живеат со минатото.

Меѓутоа, јас сум човек кој сакам малку порадикално да размислуваме и порадикално да ги менуваме состојбите во нашава држава. Сфатете г-до пратеници, светот не почнува ниту со нас, ниту ќе заврши со нас. Не сме ниту најмудрите во овој Парламент, ниту сме најнемудрите. Меѓутоа, треба доколку што можеме да интервенираме во законите и да направиме демократска постапка да се заштитиме од одредени работи кои реков се рецидиви од минатото и кои треба пополека, пополека да ги расчистуваме.

Исто така, кога го поденував овој амандман имав во пред- вид и тоа дека другите закони во РМ како што е Законот за работни односи, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, не случајно дале една апсолутна граница од 65 години. Еве на пример член 108 од Законот за работни односи каде точно кажува работниот однос во сила на Законот престанува ако, во петтата алинеја, работникот наполни 40 години пензиски стаж или 65 години живот. Што значи, ние не можеме кога веќе имаме еден ваков закон кога луѓето одат во пензија и заслужено треба да одморат, на некој начин да не ги оптоваруваме со други прашања и проблеми за државата, а на вакви функции треба да доаѓаат, витални, способни, здрави личности кои ќе имаат авторитет, но и ќе бидат главни репрезенти на оваа држава и на сите граѓани. Сметам дека и овој амандман е во духот на овој закон, а исто така и со законот за пензиско и инвалидско осигурување, господине Туше Гошев.

Затоа, велам овој амандман е доста практичен и јас го поднесувам од практични мои согледувања, а не од согледувања дека имам одредени размисли околу тоа кој ќе биде идниот претседател на Република Македонија и понатаму. Сфатете го ова многу искрено и сакам да ви укажам дека навистина треба да го прифатите овој амандман и да не одиме понатаму. Уште една реченица, еве, ќе завршам.

Треба да сфатиме една ситуација, ние сите живееме во семејства каде што имаме свои родители. Кога родителот ќе ја премине од 70 години натаму тој е веќе детски љубоморен, тој премногу се држи за својот живот, премногу се држи за своето здравје, не гледа никој околу себе. Тоа треба да го сфатиме како една природна нужност и затоа треба овој амандман да го прифатиме заеднички бидејќи ќе биде од особена важност и од особена корист во практиката, а не заради тоа што

Котевски Горѓи сака да го поднесе. Значи само од практични причини го поднесувам овој амандман и ве замолувам да го изгласаме со заеднички сили.

Ви благодарам многу.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Министерот за правосудство Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека овој амандман е спротивен на членот 80 став 4 каде кажува: "за претседател на Републиката може да биде избрано лице кое на денот на изборите наполнило најмалку 40 години живот". Овој амандман дефакто го ограничува, го крши членот 80 став 4 од Уставот на Република Македонија.

За психофизичката способност одлучуваат граѓаните на непосредни тајни избори за секој кандидат и вие не можете на граѓаните на Република Македонија да- им го ограничите правото сами да изберат кој ќе им биде претседател на државата. Па оттука не станува збор за целисходноста на амандманот, туку станува збор за уставноста на дадениот амандман. Овој амандман го крши Уставот на Републиката.

VII/1.- ЛП-ВБ

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван министер,ако со ваквиот амандман се крши Уставот, посебно членот 80, јас се прашувам: со кое право ние на едно лице во Република Македонија кое наполнило 18 години и има право да биде бирано, избирано итн.,ние го ограничуваме да наполни 40 години за претседател на Република Македонија. Меѓутоа, од овој Устав ние извлекуваме еден закон и тој закон како ќе го скориме, како ќе го изгласаме, така ќе може да се спроведува. Мислам дека нема никаква пречка кога веќе сме дале 40 години за минимална граница да исполнува години, можеме и максимумот овде да го утврдиме тој да изнесува 70 години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 6 за додавање нов став 3, поднесен од пратеникот Горѓи Котев- ски.

Отворам претрес по амандманот на член 7, став 2 и за додавање на нов став 3, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа, затоа што во Законот за избор на пратеници и одборници е утврдено граѓаните како ги даваат своите потписи.

VII/2.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници е дадено како граѓаните ги собираат потписите за утврдување кандидати за пратеник во изборните единици, кои се утврдени со Закон. Меѓутоа> истата методологија не може да се примени и за изборот на претседател бидејќи изборна единица за претседател е територијата на целата држава, а бидејќи членот 7 став 2 вели: "Избирачите ги даваат потписите пред органот надлежен за водење евиденција на избирачкото право" не е дефинирано кој орган каде и кога, предлагам со амандманот да се изврши едно дополнување, со кое ќе се каже дека избирачите ги даваат потписите пред органот надлежен за водење и евиденција на избирачкото право во секоја единица на локалната самоуправа. Се прават кандидатски листи во сите единици на локалната самоуправа и единствена која се поднесува до овластениот предлагач до државната изборна комисија.

Понатаму, бидејќи не е утврдено времето односно рокот на собирањето на потписите од страна на граѓаните или на избирачите при утврдувањето на кандидати аз претседател на Републиката, предлага после ставот 2 да се додаде нов став 3 кој ќе гласи: "Избирачите ги даваат потписите од денот на распишувањето на изборот до денот на поднесувањето на кандидатските листи до државната изборна комисија." На овој начин се дефинира дејствието собирање на потписи, односно давање на потписи од страна на избирачите до органот надлежен за водење на евиденцијата на избирачкото право, се дефинира со овој став и се обезбедува законска гаранција во кое време граѓаните ќе можат да ги собираат потписите односно да ги даваат пред надлежниот орган за водење на евиденцијата на избирачкото право и тоа не општа туку во секоја единица на локалната самоуправа.

Од овие причини предлагам амандманот да биде прифатен.

VII/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

21 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 2 и за додавање на нов став 3, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правосудство Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи. никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правосудство Туше Гошев.-

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман и му остава на Собранието, бидејќи се однесува за политичка оценка, тоа да го направи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, ако не беше поинаку распоредот во водењето на седницата, немаше да се јавам сега, ќе се јавев во времето пред прекинот на седницата, да се произнесеше претставникот на Владата по предлогот што беше од ЗПК, каде и таму бев јас предлагач.

Меѓутоа, сакам да ве запознам со една работа, дека мојата интервенција во овој закон е во главата V или пред завршните одредби - глава VI, каде се предвидува преземање на должноста на претседателот на Републиката откако ќе биде избран на општи непосредни избори, пред Собранието да даде свечена изјава. Со ова завршува текстот од предлогот на Владата во процедурата за преземање на должноста претседател на Републиката.

Меѓутоа, јас одам на една дополнителна работа, која ќе има псовечен и пообнароден карактер, откако претседателот на избраниот претседател на Републиката на непосредни избори ја даде свечената изјава пред Собранието на Република Македонија, да биде благословен од погалварот на Македонската православна црква. Ова е чин, оваа личност која ќе биде избрана на изборите, иако има лица кои не гласале за него за време на изборите преку својот духовен поглавар да го благословат претседателот да ја претставува државата Македонија како политичка личност.

VII/5.-

Овде предлогот е од поглаварот на Македонската православна црква. Јас тргнав од една одредба на Уставот на Република Македонија, каде јасно и самиот устав кога ги става верските заедници надвор од државата говори за македонска православна црква како македонска црква, а другите верски заедници ги третира како верски заедници - други, што значи дека доминантна вероисповест на територијата на Република Македонија е христијанската вероисповест, составот на ова Собрание сега јасно говори дека повеќе од две третини се претставници токму на оваа вероисповест и така ќе имаме една свеченост на мнозинството и на претседателот на Републиката, за кој ќе гласаат без разлика било кои.

Со ставањето ан овој чин во овој закон ќе има уште и друга работа. Сигурно дека ќе се престане да ни се оспорува автокефалноста на Македонската православна црква, како што се чини сега од бугарската православна црква, од грчката православна црква и од српската православна црква, каде говорат дека Македонската православна црква има автокефалност преку српската православна црква и повеќе, верувајте, со овој чин ќе престанат можностите да ни се наметнуваат намесници кои ќе ја претставуваат Македонската православна црква. Со овој чин ние ќе дадеме и еден духовен карактер на државата на која припаѓаме, неоспорувајќи притоа припадниците на другите вероисповести, тие се слободни, можат да го почитуваат својот дух, да имаат верски обичаи и сл. Ова го предлагам и барам да имаме разум барем ние кои припаѓаме на Македонската православна црква како припадници по вера и обичаи.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ако појдеме од членот 19 на Уставот на Република Македонија, каде се вели дека се гарантира слободата на вероисповеста, се гарантира слободно и јавно поединечно или во заедница со други изразување на верата, Македонската православна црква , другите верски

заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон - тогаш еден претседател на законодавна комисија не може вака да дискутира, затоа што тој треба да ја штити уставноста и законитоста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да не ги поучуваме пратениците како ќе дискутираат

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Овој амандман нема уставна подлога, затоа што ја руши слободата на вероисповеста секој граѓанин сам да се определи и секоја заедница да биде рамноправна пред законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Укажувам дека не треба да се поучуваат пратениците без оглед дали се претседатели на едно или друго тело.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не знам што е господинот министер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте лични напади да упатувате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Оти, само да е министер, како човек може да биде се функцијата ќе ја задржи за себе. Јас овде настапувам како пратеник со предлог. Размислувањето околу својството на Македонската православна црква како верник ја имам поодвоено веројатно од господинот министер, а од овие причини.

Јас ја спомнав одредбата од член 19, последниот став. Таму се говори дека верските заедници и Македонската православна црква се надвор од државата. Меѓутоа, јас говорам за еден свечен чин, за едно достоинството. Господа, сите вие овде сте сведоци, кога беше Уставот, кога беше претседателот промовиран, во овој ред овде седеше поглаварот на Македонската православна црква и поглаварите на

другите верски заедници. Тоа не го намали достоинството на никој од нас. На- против, ако дојдеше благословот да биде од мојата вероисповест, јас ќе имав поголема свеченост, поголемо достоинство, достоинство во духовниот дел. Јас правам разлика меѓу духовна определба и законска определба. Законската определба од член 8 на Уставот, што не е забра- нето, повеќепати овој министер ја искажал овде, сега одеднаш ја заборава. Таму не стои дека ќе има забрана верскиот поглавар на една од вероисповестите да биде тој што ќе го благослови претседателот на државата. Јас не барам ништо друго, барам една свеченост, едно достоинство затоа што припаѓам ан една вероисповест и сметам дека мојот поглавар и тој ќе ме благослови, било кој да биде и претседател на државата да ја врши функцијата со благослов, а тој ќе ја врши со избор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, овој амандман доживува своја втора верзија и вака како што е сега понуден нема основ да биде оспорен или пак да се искаже негодување.

VIII/1 РД/ПН

**ЈОРДАН БОШКОВ: (**Продолжение)

Едноставно, духовната особеност на популацијата, а посебно на македонскиот народ доаѓа до израз. И не треба носителите на политичката власт, било тоа да е законодавната власт или извршната да се кријат, да се срамат или да ја потиснуваат духовноста или нејзините обележја. Овде едноставно се бара МПЦ која е автокефална да биде како таква третирана од државата. Колку мене ми е познато, ова би било прв пат да биде спомената во законски проект и добро е тоа што се однесува токму на чинот на воведување во функција на избраниот од народот претседател на РМ. Затоа, за мене не и најмалку спорно да биде овој амандман поддржан.

Јас би сакал уште 2 момента сосема кусо да наведам. Кога се одржуваше Црковно народниот собир во Охрид претставниците на пратеничките групи се согласија дека традицијата на МПЦ е составен дел на наследството на македонскиот народ и дека ќе се заложат да биде таа традиција унапредена. Исто така сакам да укажам на тешкотиите на кои наидува токму нашата помесна автокефална православна црква. Во напорите и во контактите со сестринските цркви, а како мене ми е познато, дозволувам да не ми е се познато, да има и спротивни искуства, или истории ниедна помесна православна црква не е оставена без содејство на власта. Така да и оваа власт и кај нас законодавната е должна, еве веќе и при крајот на својот мандат да води за тоа грижа. Во спротивно ми паѓа во очи дека постои еден паралелизам меѓу тие што се упорни во негирањето и на нашата нација и на нашата црква и на нашата држава. Таа одговорност ќе си биде кај тие кои не се согласуваат со ваквиот амандман и јас едноставно сакам да укажам дека тука не се врши никаква прес функција. Функцијата претседател на

Републиката да биде лимитирана. Едноставно тоа е збогатување. А од приодот што го слушаме, посебно од Владата, можам да кажам дека останува многу нешто нејасно. На кој начин е тоа антиуставно. Да се добие благослов од поглаварот од МПЦ. На кој начин е тоа пишување антиустасвно. Црквата останува со своето делување и натаму одвоена од државата, а друго е прашањето и колку и тоа коректно да биде духовниот центар целосно третиран надвор од институциите.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници. Приклучувајќи се кон амандманот на Томислав Стојановски, сакам;-да укажам за тоа дека овој амандман треба безрезервно да го поддржиме. Бидејќи вредноста на сите цивилизации, поготово ако ги земете денес во Европа и во светот, иако ние сакаме некои состојби да ги спориме, но во суштина во практиката се многу позитивни, треба да ги прифатиме како такви и во ова Собрание полека чекор по чекор да ги отстрануваме како балас. Зошто? Ова сакам да го поткрепам со фактот дека многу други цивилизации, многу понапредни држави од нашата самостојна, суверена РМ, како што е САД, како што е Јапонија итн. верувањето е основа на постоење на тие држави и на системот кој постои. И пред секоја работа пред почеток на секоја работа и инаугурација исто така тие даваат одредени заклетви итн. Со ова сакам да потврдам и уште еден факт кој од минатото беше протежиран кај нај во Македонија и во цел Источен блок. Атеизмот кој беше постојано во предоминација на овие простори и кој постојано сакаше од човекот да направи безлична маса, маса која не верува и не може да се манипулира. Сега веќе со овој плурализам ние треба радикално да ги свртиме односите, радикално да извршиме трансформација на свеста кај нас и пополека да ги менуваме овие

состојби. А тоа ќе го направиме со овој амандман на Стојановски, бидејќи МПЦ е основен столби околу кој треба да се врти македонската нација и македонската држава. Сфатете и разберете еднаш дека македонска нација, македонска држава без МПЦ и за она што ние денес се бориме што се борат нашите верници за признаваше на МПЦ, сето оди во прилог на овој амандман. Доколку ние сосема спротивно се однесуваме и делуваме, тогаш во прилог е на сите оние односи што ни се случуваат во нашето опкружување. Земете ја вие една Србија. Нивната српска православна црква. Земете ја Грција, сите овие земји и нивните нации се вртат околу тој столб на нивната црква, а ние постојано сакаме да лебдиме во воздух. Ние сме нација со корен, ние сме нација со минато и нација која треба на ваков начин да го докаже своето достоинство. Не само да одиме тврдоглаво и праволиниски во политиката дека ова е дадено еднаш за секогаш и противуставно или не знам како. Дајте да се ослободиме еднаш и да зачекориме, затоа јас за мојот амандман кога дискутирав, за избор на претседател токму и оваа дискусија ја насочувам во тој правец. Човек е многу посилен кој верува од оној кој во ништо не верува и не верува во самиот себеси дека постои. Човекот е колективно суштество кое создадено од бога и да верува. Затоа сфатете и разберете овој член е многу добар и јас мислам дека уште кога беше придонесувањето на Уставот, во член 19 Социјал демократскиот беше упорен и дури со некаква тврдоглавост одеше, дури да не се спомне МПЦ. Но најдоа сили, разум и тогаш во член 19, како сега што постои, точно и јасно е кажано што треба а претставува таа МПЦ. И само за илустрација да ви кажам дека колку беше симпатично, не знам во која улога, дали како претседател на РМ, или како верник во нашиот најсветол храм се појави претседателот на Републиката. Тоа го гледа цело граѓанство,тоа има одредени ефекти, тоа има одредена психологија

и психолошки афекти кај луѓето. Затоа треба да сфатиме дека на некој начин треба да ги поврзуваме овие работи. Малку можеби ни изгледаат вештачки, или наметнати радикални. Но верувајте, треба ова постепено да го правиме. Не само заради нас. Треба да разбереме дека после нас наоѓаат нови генерации и тие генерации треба да живеат во духот на нешто, со нешто и нешто што ќе ги одржува. Затоа овој амандман на Томислав Стојановски го прифаќам и ве молам во интерес на сето она што го прави овој Парламент дајте светли моменти барем тука да не се разидуваме, ако така почнеме чекор по чекор, каменче по каменче да ставаме во мозаикот, ќе можеме, верувајте да најдеме и национален и граѓански и каков сакате консензус, затоа што за љубов се потребни двајца, а тие двајца се знае во овој Парламент на кој начин веќе се одамна спротивставени, но ние подаваме рака еве првично да почнат работите.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, да немавме пишан Устав за малку претходните говорници ќе ме убедеа дека е сосема така како што тие тврдат. Меѓутоа, на нивна жалост ставот на РМ е сосема јасен" и тој кажува дека, заправо не кажува, јас ќе кажам тој што не кажува. Тој не кажува дека претседателот на РМ задолжително треба да биде Македонец и верник. А овој амандман прејудицира токму тоа. Овој амандман вели претседателот освен што треба да биде Македонец по националност, треба да биде и верник, да трпи некој да го благослови, односно да не го благослови. Би било сосема коректно согласно Уставот ако предлагачот претполага дека може, зошто да не во граѓанска држава мнозинство на гласови ќе добијам нас пример јас. Не знам дали тоа е

сфатливо или не, меѓутоа, мене ми е сосема сфатливо и сега дали амандманот би требало да има некое дополнување, па да рече поглаварот на Исламската верска заедница, ако не бидам јас ќе биде некој католик, поглаварот на Католичката црква, на евангелистите, на што знам кои и на тој начин да одиме во недоглед. у Второ, ние и покрај тоа што во чл.19 во Уставот се спомнува со име и презиме МПЦ ние во Уставот никаде не сме рекле дека РМ е православна држава. Тоа сепак е лаичка држава, не е верска држава. Како држава зборувам. Како луѓе тие можат да имаат различни вероисповести, тоа Уставот го дозволува. И конечно би предложил не заради тоа што може или не може, не може ова да се усвои, за мене сосема е несфатливо да се гласа за овој амандман, туку заради времето што тука тој што го предлага и тој што го поддржува амандманот знае дека ова навистина не оди, но сепак го кажува, дали само да губи време, или уште нешто во тоа има, не знам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Во едно место читав во Библијата вака: Ќе дојде ден ќе гледаш луѓе со бради, ќе носат крст. Тие се сатани. Ќе прават црква на господ сатаните ќе прават црква на господ. Тоа време^не е само за нас, тоа е општо луѓе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Укажувам дека расправата е по амандманот на Стојановски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас ќе бидам краток. Јас сум за тоа да се дава заклетва. Како верник јас сум за тоа да се дава заклетва. Меѓутоа, има една друга работа, сега што ми пречи. Нашиот Устав е делен по црквата.

VIII/6

Религиите се на една страна, а законите, државата на друга страна. Симболично во името на бога може се даваат заклетви. Во присуство на нашиот великодостојник од Црквата и на другите вери кои се во Македонија. Но да се води една борба, и да не се смеете вие што носите бради, затоа што градите црква ан ѓаволот, а носите крстови. И тие имаат поминати школи во Кумровец некои, а тука ќе ми зборуваат за господ, тоа е греота, тоа е жално. Со тоа го понижуваат и господ и нашата вера. Меѓутоа, го поддржувам амандманот на г-динот Томислав, со една забелешка со која ќе се согласите сите. Да се дава во името на државата, во името на Уставот, во името на законот во името на бога, зашто господ е еден. А по тој ред каде што ќе дава заклетва претседателот на Републиката пред него ќе стојат нашиот поглавар на Црквата, поглаварот на Католичката црква, поглаварот на верата на мухамеданците и други поглавари кои се во Македонија. Нормално е тоа сите сме луѓе на оваа земја, сите сме синови на бога, без разлика кој сме. Некој да се бие во градите дека е тој господ, не може. Јас верувам во господ, за мене е господ прво, семејството и Македонија. Тие три работи. Еве да го прифатиме амандманот на г-динот Стојановски, но со забелешка во името на Уставот, во името прво на бога, после на Уставот, во присуство на поглаварите на ^ верите, на чело со нашиот поглавар на Православната црква. Секое друго решение не може, иако сме ограничени во тој поглед со Уставот кој постои. Јас ќе ве замолам да се прифати само со таа забелешка, и од утре ќе ви донесам крштеница кога сум крстен јас и секој кој ќе излезе на говорница во име на господ ќе си носи крштеница и ќе ми докаже не вчера да е крстен или завчера или како Алексо мој да ми извини пред 3 години. Да видиме кога тој се родил, зашто се роди пред 30 години. Секој нека зборува во името на бога, да си носи крштелно од попот да видиме кога тој е роден. Дали тој некогаш бил или татко му негов православен или не знам што, за да не го мешаме

господ со законот итн. Ако не го донесе тоа решение, онаа крштеница не го признавам за претставник од господ во ова Собрание.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам дека ова нема да ви создаде некое недоразбирање околу уставност, неуставност. Мислам дека нема да имаме непријатности околу сфаќањето што е ингеренција на една верска заедница, или на МПЦ на оваа територија. Меѓутоа, мене ми е жал што морам во овој момент да го читам Уставот пред овие луѓе што го усвои тука. Ова е преамбулата: Тргнувајќи од историско, културно и духовно и државно наследство на македонскиот народ, ова е основа за создавање на држава.

Кога говорам за духовно, историско битие на македонскиот народ е токму МПЦ. Ако се сеќавате господа пратеници, одредена пратеничка група, мислам тоа беа либералите, во Законот за судовите предлагаа посебно да работат да се прекрстат и на евангелието да стават крај. Сега кога сакаме еден чин на достоинство, еден чин на христијанство да го поставиме пред овој Парламент овде, за нашиот државен прв човек да биде ништо друго, само благословен да ја води државата во смисла на духот на христијанството. Зарем Ва- некого ќе му пречи да биде добар човек, да има благословен свој човек. Не, ако одбиеме сега, ние ова што го изгласавме овде како начело во Уставот и тоа се токму еден, два три, четвртиот збор од преамбулата на Уставот, ние тој четврти збор сакаме сега сами да го порекнеме. Нема потреба. Навистина, јас ќе ги разберам поодделни колеги кој овде говорат што ќе биде ако биде некој друг избран од друга професија. Што има да пречи. Благослов не е кој ѕнае што, му се дава благослов од свето лице. Овде се знае дека мнозинството е христијанско. Ние нема да се плашиме од таа работа.

VIII/8

Како што некој друг може да каже, јас сакам мојата вероисповест да има појако значење, нема да му се лутам. Нека ми дозволи дека и мојата веродсповест ќе има такво значење. Верувајте дека нашиот поглава нема да ги учи никој да прават злодела. Никој да чинат непријатности, никој да уништуваат млади генерации со недозволени криминални дејства. И тогаш навистина од убавата намера нема некој подругливо да се смее на мојата вера.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бошков зборуваше по овој амандман и господин Котевски. Не можат по втор пат.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака

Процедурално за збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас сум сосема свесен дека еднаш се добива збор. Исто така, не ја злоупотребувам процедурата на начин што би се приклучил како предлагач на истиот амандман или пак можам да поднесам и сличен па после нема кој да ме блокира околу настапот. Само сакам да укажам дека во расправата за овој амандман, единствен кој настапи тука со брада, со крст не видов никого, бев јас. Мое е да укажам и дека ќе мора по малку да се внимава околу тоа како овие чувствителни нешта се дебатираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова укажување на меѓусебна почит се однесува на сите. Не само меѓусебна почит. Ние треба да дадеме пример како се однесуваме спрема институциите и кога станува збор за Македонската православна црква за Устав и за сите други работи, за други верски заедници, сами треба да дадеме пример со каква почит спрема тие институции треба да се однесуваме. Нема цена која политички може да се добие со омаловажување на институциите на попството, на државата пред се. Ве молам уште еднаш ова што го кажа господинот Бошков мислам дека треба да се сфати посериозно и така да се однесуваме сите.

Молам, кој е за амандманот нека крене рака?

Дваесет и шест пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Господинот Флоровски бара процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеника поединечно да се гласа. Од едноставна причина да се види кој е приврзаник на сето тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се сомневате или не се сомневате?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се сомневам реков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако се сомневате може, а ако имате други причини нема да гласаме по втор пат. Вие изгледа имате други причини.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ваш проблем е дали добро слушате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, убаво слушам, ако имате други причини, нема гласање да се разбереме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Други причини јас воопшто не спомнав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, ги повлекувате другите причини, само се сомнева во гласањето.

Дали има 10 пратеници што го поддржуваат (има)

Го молам секретарот да изврши прозивка.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | воздржан |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

I/4.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | не е тука |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | воздржан |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | не е тука |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

I/5.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | воздржан |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80 КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ИВАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 887. ФЕРИД САДИКУ | против |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 37. БИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |

нд

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | воздржан |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАЌИРИ | против |

Дали има во меѓувреме влезено во салата?
Ристо Станковски - против.
Оломан Сулејмани - против
Други? (нема)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Додека ги пребројуваат и ги утврдуваат резултатите од гласањето, ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата. Јас признавам дека е вруќина, нешто грејат повеќе отколку што треба, меѓутоа нека влезат во салата да издржиме.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Гласале 75 пратеници.

Дваесет и седум за, 39 против, и девет се воздржале од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот

Томислав Стојановски.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Пред да го ставам на гласање јас ве молам уште еднаш повикајте ги пратениците затоа што гласаме. Сега гласаме за законот. Повеќе амандмани нема.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака.

Шеесет и пет пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца пратеници се воздржуваат од гласање)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за избор на претседател на Република Македонија.

Ве молам, ова е исклучително важен закон, ова е од пакетот изборни закони но е и прв закон во независна Македонија за избор на нејзин шеф на држава. Ве молам да го поздравиме овој факт. (бурен аплауз).

Известен сум дека некои пратенички групи си имаат закажано некои состаноци.

Прекинуваме со работа.

Утре во 10 часот продолжуваме со работа.

(седницата прекина со работа во 16,10 часот.)